РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-323/2
10-06-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 19-та седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-323/1 од 16.01.2025 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Пријавата со број 12-323/1 од 16.01.2025 година да се проследи на надлежно постапување до ///.

Предметот со број 12-323/1 од 16.01.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-323/1 од 16.01.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско незаконско именување на службено лие /// за директор на ООУ ///, од причина што ова службено лице, според наводите од пријавата, се стекнало со оваа функција врз основа на фалсификуван сертификат за положен испит за познавање на англиски јазик.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување, од причина што за испитување на наводите

од пријавата потребно е преземање предистражни и истражни мерки и дејствија од страна на /// – ///. Следствено, ДКСК одлучи пријавата да ја отфрли и проследи на надлежно постапување до ///.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Конторлирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С. Д., член

Доставено до:
- Подносителот
- ///